UNIVERSITETI I TETOVËS
УНИВЕРЗИТЕТ ВО ТЕТОВО | UNIVERSITY OF TETOVA

# ИЗВЕШТАЈ

## ЗА САМОЕВАЛУАЦИЈА

## ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ

**Тетово, 2021 година**

Fakulteti Pedagogjik-Педагошки факултет-Faculty of Pedagogy
Str. Ilinden nn. 1200 Tetova, Republic of North Macedonia
www.unite.edu.mk – e-mail: pedagogy@unite.edu.mk

**СОДРЖИНА**

1. ЦЕЛ НА ПРОЦЕСОТ НА САМОЕВАЛУАЦИЈА ........ 3
2. ОПИС НА ФАКУЛТЕТОТ ........ 5
2.1. Историски развој ........ 5
2.2. Мисија ........ 7
2.3. Стратегии за развој ........ 7
3. ОРГАНИЗАЦИОНА СТРУКТУРА НА ФАКУЛТЕТОТ ........ 9
3.1. Органограм ........ 9
3.2. Студиски програми ........ 10
4. НАСТАВНА ДЕЈНОСТ ........ 12
5. СТРУКТУРА НА НАСТАВНО-НАУЧНИОТ КАДАР ........ 15
5.1. Наставен кадар на Студиската програма: Професионална педагогија ........ 17
5.2. Наставен кадар на Студиската програма: Одделенска настава ........ 19
5.3. Наставен кадар на Студиската програма: Предучилишна насока ........ 20
5.4. Наставен кадар на Студиската програма: Специјална едукација и рехабилитација ........ 21
6. СТРУКТУРА НА СТУДЕНТИ ........ 23
7. АНКЕТИРАЊЕ НА СТУДЕНТИТЕ ........ 29
8. НАУЧНА АКТИВНОСТ И УЧЕСТВО ВО ПРОЕКТИ ........ 32
9. ПРОСТОРИИ И ОПРЕМА ........ 38
10. SWOT-АНАЛИЗА ........ 40
11. ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ ........ 42



Fakulteti Pedagogjik-Педагошки факултет-Faculty of Pedagogy
Str. Ilinden nn. 1200 Tetova, Republic of North Macedonia
www.unite.edu.mk – e-mail: pedagogy@unite.edu.mk

# 1. ЦЕЛ НА ПРОЦЕСОТ НА САМОЕВАЛУАЦИЈА

Целта на процесот на самоевалуација е да се идентификува фактичката состојба на Педагошкиот факултет и добиените заклучоци да служат како основа за надградба на квалитетот на целокупниот наставно-научен процес на првиот, вториот и третиот циклус на студии. Внатрешната евалуација се реализираше од Комисијата за самоевалуација, формирана во рамките на Педагошкиот факултет.

Овој процес ги вклучуваше следниве активности:

- Проценување на студиските програми, опфаќајќи го нивното основање, опис и развој;
- Структура на наставно-научниот кадар;
- Оценување на научната активност на наставниот кадар;
- Структура на студентите;
- Анкетирање на студентите при што се вреднуваа повеќе компоненти;
- Структура на административниот и техничкиот персонал, како и
- Простории и средства за реализацијата на наставниот процес.

Во текот на спроведувањето на процесот на самоевалуација не беа идентификувани значајни тешкотии. Вреди да се нагласи континуираната поддршка и помошта обезбедена од сите странки кои беа на директен или индиректен начин вклучени во спроведувањето на процесот на самоевалуација во текот на собирањето на податоците, спроведувањето на анкетите, како и сите други активности поврзани со овој процес. За успешното завршување на истиот, беше значајна и соработката и разбирањето од страна на професорите, соработниците и студентите, кои беа вклучени на различни начини, како членови на Комисијата, анкетирани и анкетари.

За да се потврди остварливоста на целите наведени погоре, Педагошкиот факултет, во соработка со Канцеларијата за управување со квалитет и евалуација ја организираа внатрешната евалуација на наставните програми. Целта на самоевалуацијата беше преку


Fakulteti Pedagogjik-Педагошки факултет-Faculty of Pedagogy
Str. Ilinden nn. 1200 Tetova, Republic of North Macedonia
www.unite.edu.mk – e-mail: pedagogy@unite.edu.mk

соодветни мерки на истражување да се добие општ приказ за квалитетот на работењето, напредокот и постигнувањата во сите области на Факултетот, да се воочат јаките, но и слабите страни, за кои би се презеле соодветни мерки за нивно надминување. Токму ваквите активности би влијаеле врз мотивирањето на сите учесници во наставниот процес, да ги вложат сопствените капацитети и да ги искористат постојните ресурси за подобрување на условите и стандардите на Факултетот.

Како основни цели на процесот на самоевалуација би ги навеле следните:

- Да даде општ и точен опис на Факултетот и на наставно-научниот процес, научните истражувања и други активности во рамките на Факултетот;
- Да ги анализира јаките и слабите страни на Факултетот, можностите и пречките за развој и да предложи мерки за нивно подобрување;
- Да обезбеди цврста основа за реализација на процесот на самоевалуација и акредитација на студиските програми на Факултетот.
- Да ги дефинира мерливите индикатори и критериуми за вреднување на квалитетот на научно-образовниот процес.

Реализацијата на активностите и постигнувањето на поставените цели беа проследени со одредени пропусти, но треба да се има предвид дека наставната и научната дејност се динамичен процес и во континуитет бараат подобрување и збогатување на активностите што се реализираат во рамките на академската единица, затоа и надминувањето на сите пропусти и евентуални слабости би значело:

- Зголемување на ефикасноста и квалитетот на студиите;
- Имплементација на методологијата „студентот во центарот";
- Квалитативна комуникација, преку ставање на студентот во активна позиција, во насока на подигање на нивото на знаење;
- Понатамошен развој на самостојното работење на студентот;
- Зголемување на мобилноста и ефикасноста, засновано врз критериуми и стандарди, што значи објективна и транспарентна проценка;
- Доследна имплементација на кредитниот систем.

# 2. ОПИС НА ФАКУЛТЕТОТ

## 2.1. Историски развој

Педагошкиот факултет, односно педагошката насока, како студиска програма функционира во рамките на Универзитетот во Тетово уште од основањето, од 17 декември 1994 година, кога Собранието на албански интелектуалци ја донесе Одлуката за формирање на високообразовна установа на албански јазик во Република Северна Македонија. Филозофскиот факултет е меѓу првите шест факултети на Универзитетот во Тетово.

На почетокот, во рамките на Филозофскиот факултет функционираа две насоки: Историја (39 студенти) и Педагогија (78 студенти). Во академските 1997/98 и 1998/99 година функционираше Педагошкиот факутет со групите: Класна, Предучилишна и Професионална група. Во периодот од 2001/2002 до 2003/2004 година функционираше Педагошкиот факултет.

Во одреден временски период Филозофскиот факултет дејствуваше како нерегистриран (нелегализиран), како и останатите факултети кои функционираа во рамките на Универзитетот во Тетово, и како резултат на тоа не беше финансиран од државните органи на Република Северна Македонија. Дејствувањето на Факултетот се сведуваше во реализација на наставата во приватни објекти со импровизирани училници.

Со одобрувањето на Законот за основање на Државниот универзитет во Тетово, во 2004 година, во рамките на Универзитетот во Тетово беа основани пет факултети, вклучувајќи го и Факултетот за хумани науки и уметности. Имено, Филозофскиот факултет беше преименуван во Факултет за хумани науки и уметности.

- Историја- Географија,
- Филозофија-Социологија,
- Педагогија-Психологија,
- Музичка уметност,
- Ликовна уметност,



Fakulteti Pedagogjik-Педагошки факултет-Faculty of Pedagogy
Str. Ilinden nn. 1200 Tetova, Republic of North Macedonia
www.unite.edu.mk – e-mail: pedagogy@unite.edu.mk

- Институт за јазици, студиска програма Албански јазик и литература, и
- Институт за јазици, студиска програма Англиски јазик и литература.

Сенатот на Универзитетот во Тетово, на состанокот одржан на 20.4.2017 година донесе Одлука бр. 02-1229 / 1, за трансфер и реализирање на студиските програми: Професионална педагогија и Специјална едукација и рехабилитација од Филозофскиот факултет на Педагошкиот факултет во рамките на Универзитетот во Тетово. Советот на ректоратот, на состанокот одржан на 29.11.2017 година, ја донесе Одлуката бр. 02-4513 / 1, за трансфер на дејноста на одредени студиски програми од прв циклус на студии од областа на педагошките науки од Филозофскиот факултет на Педагошкиот факултет, и тоа: Професионална педагогија и Специјална едукација и рехабилитација, од вториот циклус на универзитетските студии: Педагогија-дидактички иновации, Педагогија-елементарно образование и Педагогија-менаџмент во образованието и дејноста на педагошко-психолошката и методолошкта подготвеност.

Исто така, наставниците и соработниците кои предавале на студиските програми Професионална педагогија и Специјална едукација и рехабилитација, се префрлени од Филозофскиот факултет на Педагошкиот факултет. Административните службеници вклучени во извршувањето на работните активности на првиот и на вториот циклус на студии, исто така, се префрлени од Филозофскиот факултет на Педагошкиот факултет.

Педагошкиот факултет, како академска организациска единица во рамките на Универзитетот во Тетово, ја спроведува својата наставно-научна дејност на следните студиски програми:

1. Педагогија-професионална насока
2. Наставно учење
3. Предучилишна насока
4. Специјална едукација и рехабилитација

Покрај наведените студиски програми, Педагошкиот факултет организира и Педагошка преквалификација.

## 2.2. Мисија

Универзитетот како високообразовна институција претставува највисоко достигнување на едно добро етаблирано општество, всушност, тој го сочинува главниот столб на една нација, на кој се заснова неговата иднина во насока на создавање и култивирање на цивилизирани вредности. Дејноста на Педагошкиот факултет преку своите студиски програми опфаќа одредени области од доменот на образованието. Студиските програми во рамките на Педагошкиот факултет се креирани според принципите на Болоњскиот систем. Мисијата на Педагошкиот факултет е да едуцира и да обучува наставници и стручни лица од областа на образованието, како што се: воспитувачи за предучилишна возраст, наставници за основно образование и стручни педагози. Целта на студиските програми е да се приспособат на динамиката на реформите во образовниот систем во земјата, како и приспособувањето на современите тенденции во образованието.

Факултетот има за цел да постигне: конкуренција на европскиот академски пазар, профилирање преку развој на соодветни компетенции, креирање на меѓународни прифатени студиски програми, можноста за академска мобилност, како и создавање и култивирање на граѓански општоприфатени вредности.

## 2.3. Стратегии за развој

Главните цели за развој на Педагошкиот факултет произлегуваат од Извештајот за реализација на тригодишниот план и процесот на самоевалуација. Стратешките цели претставуваат основа за планирање и дефинирање на долгорочните цели, кои, пред сè, треба да бидат умерени, изводливи, релевантни и временски определени (SMART).


Fakulteti Pedagogjik-Педагошки факултет-Faculty of Pedagogy
Str. Ilinden nn. 1200 Tetova, Republic of North Macedonia
www.unite.edu.mk – e-mail: pedagogy@unite.edu.mk

Реализацијата на активностите и постигнатите резултати се придружени со одредени пропусти, но имајќи предвид дека наставната е динамичен процес и континуирано бара подобрување на активностите што се спроведуваат во рамките на академската единица, надминувањето на сите евентуални пропусти и слабости подразбира истовремено и зголемување на нивната ефикасност и квалитет. Основната цел на Педагошкиот факултет е да создаде генерации кои ќе ги развијат креативноста и критичкото размислување, генерации со претприемачки вештини, способни да го унапредат својот професионален развој преку унапредување на учењето во текот на целиот живот.

## Стратешките цели на Педагошкиот факултет се:

1. Систематски и континуиран развој на квалитетот на наставата и на научно-истражувачката работа;
2. Континуиран развој на квалитетни студиски програми, во согласност со барањата на пазарот на трудот, во сите наставни циклуси;
3. Промовирање на основните академски вредности, како што се: вредноста на образованието, колегијалноста и академската слобода;
4. Поддршка на научно-истражувачката дејност на академско ниво;
5. Објавување на стручна литература;
6. Континуирано подобрување на условите за работа и опремување со современи технологии, вклучително и технолошките ресурси;
7. Вклучување на студентите во научно-истражувачката работа, со посебен акцент на студентите од втор и трет циклус;
8. Навремено откривање на можните аномалии во наставниот процес, како и преземање мерки за обезбедување на квалитет на студиските програми, на образовниот и на административниот кадар, студентите, библиотеката, лабораториите и на друга опрема, неопходни за нормален развој на наставниот процес и на научно-истражувачката дејност;
9. Обезбедување на соработка на Педагошкиот факултет со другите педагошки факултети во земјата и во регионот (Албанија, Косово и пошироко), со цел

спроведување на заеднички развојни проекти во повеќе области, каде што Факултетот ќе најде точки од интерес;

10. Воспоставување на партнерства со предучилишни и основни образовни институции, за реализација на праксата на студентите.

# 3. ОРГАНИЗАЦИОНА СТРУКТУРА НА ФАКУЛТЕТОТ

## 3.1. Органограм

Наставно-научниот процес во рамките на Педагошкиот факултет го спроведуваат 27 наставници и соработници во редовен работен однос и со договор на дело (part-time).

Педагошкиот факултет се состои од: деканот на Факултетот, координатори за ЕКТС (за втор и трет циклус). Во рамките на Педагошкиот факултет функционираат и Координатор за педагошка преквалификација, како и Координатор за научни конференции и проекти.

Во рамките на Педагошкиот факултет има три раководители на ниво на студиските програми, и тоа: раководител на Студиската програма: Професионална педагогија, на: Одделенска и предучилишна насока и на: Специјална едукација и рехабилитација.

***Управувачки и раководен тим:***

- Декан: проф.д-р Фадби Османи;
- Продекан за образование: проф. д-р Бунјамин Мемеди;
- Продекан за наука: проф. д-р Рабије Мурати;
- Секретар на Факултетот: м-р спец. Назмије Шаќири;
- Координатор за ЕКТС: м-р спец. Афердита И. Хоџа;
- Координатор за II циклус: проф. д-р Ардита Цека;
- Координатор за III циклус: доц. д-р Јехона Рушиди-Реџепи;

- Координатор за педагошка преквалификација: проф. д-р Светлана П. Грнчаровска;
- Координатор за научни конференции: Продекан за наука, проф. д-р Рабије Мурати;
- Координатор за проекти: ас. м-р Агрон Илјази;
- Раководител на Студиската програма: Педагогија-професионална насока: доц. д-р Беса Хавзиу;
- Раководител на Студиската програма: Одделенска и предучилишна насока: доц. д-р Љуљзим Мемеди;
- Раководител на Студиската програма ЕСР: доц. д-р Арита Агаи.

Во рамките на Педагошкиот факултет е избрана и Комисија за внатрешна евалуација, која ја сочинуваат седум члена, од кои петмина се од редовите на академскиот кадар, а двајца членови се од редовите на студентите.

## 3.2. Студиски програми

Во рамките на Педагошкиот факултет има четири студиски програми за прв циклус на студии; три студиски програми за втор циклус и две студиски програми за трет циклус на студии, кои се акредитирани од Советот за акредитација.

### ***Активни студиски програми за студии од прв циклус:***

- Студиска програма: Одделенска настава;
- Студиска програма: Педагогија-професионална насока;
- Студиска програма: Предучилишна насока;
- Студиска програма: Специјална едукација и рехабилитација.


Fakulteti Pedagogjik-Педагошки факултет-Faculty of Pedagogy
Str. Ilinden nn. 1200 Tetova, Republic of North Macedonia
www.unite.edu.mk – e-mail: pedagogy@unite.edu.mk

### *Активни студиски програми за студии од втор циклус:*

- Студиска програма: Елементарно образование;
- Студиска програма: Менаџирањето во образованието;
- Студиска програма: Дидактивни иновации;
- Студиска програма: Студии за преквалификација на наставници и здобивање со соодветните компетенции за учители.

### *Активни студиски програми за студии од трет циклус:*

- Студиска програма: Стратегија за развој на образованието и
- Студиска програма: Стратегија за развој на наставата.

## *I ЦИКЛУС*

Табела бр.1. Број на ЕКТС и квалификација според студиските програми

| СТУДИСКА ПРОГРАМА | S | ЕКТС | КВАЛИФИКАЦИЈА |
|---|---|---|---|
| **ОДДЕЛЕНСКА НАСТАВА** | 8 | 240 | Дипломиран професор за одделенска настава |
| **ПРЕДУЧИЛИШНА НАСОКА** | 8 | 240 | Дипломиран воспитувач за предучилишна настава |
| **ПЕДАГОГИЈА-ПРОФЕСИОНАЛНА** | 8 | 240 | Дипломиран педагог |
| **СПЕЦИАЛНА ЕДУКАЦИЈА И РЕХАБИЛИТАЦИЈА** | 8 | 240 | Дипломиран воспитувач по инклузивно образование и рехабилитација |

## *II ЦИКЛУС*

Табела бр. 2. Број на ЕКТС и кваливикација според студиски програми

| СТУДИСКА ПРОГРАМА | НАСОКА | S | ЕКТС | КВАЛИФИКАЦИЈА |
|---|---|---|---|---|
| **ПЕДАГОГИЈА** | Дидактивни иновации | 2 | 60 | Магистер по педагогија-дидактивни иновации |



Fakulteti Pedagogjik-Педагошки факултет-Faculty of Pedagogy
Str. Ilinden nn. 1200 Tetova, Republic of North Macedonia
www.unite.edu.mk – e-mail: pedagogy@unite.edu.mk

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Елементарно образование | 2 | 60 | Магистер по педагогија –елементарно образование |
| | Менаџмент во образованието | 2 | 60 | Магистер по педагогија-менаџмент во образованието |

# 4. НАСТАВНА ДЕЈНОСТ

Студиските програми од првиот циклус студии на Педагошкиот факултет: Одделенска настава и Професионална педагогија се креирани според критериумите на Болоњскиот систем, акредитирани се во 2012 година, Студиската програма: Предучилишна насока е акредитирана во 2015 година, додека Специјална едукација и рехабилитација е акредитирана во 2013 година. Исто така, во рамките на Педагошкиот факултет се акредитирани и студии од втор и од трет циклус.

На сите студиски програми на Педагошкиот факултет додипломските студии траат 4 (четири) години, при што студентите акумулираат вкупно 240 (ЕКТС) кредити. Што се однесува до вториот циклус, студентите акумулираат 60 (ЕКТС), а на третиот циклус 180 (ЕКТС) кредити.

Студиските програми на Педагошкиот факултет функционираат според принципот на Болоњската декларација, во согласност со Законот за високото образование, како и со Статутот на ДУТ, односно, кредитите се распределени според тежината на предметите за нивна реализација од страна на студентите. Како резултат на тоа, во секој семестар студентите имаат можност да следат задолжителни, изборни и опционални предмети, кои се дистрибуираат во една академска година, според следната пропорција: задолжителни предмети 60%, изборни предмети 30% и опционални предмети 10%. Предметите се реализираат преку предавања и вежби. Секој предмет може да има најмалку 2 кредити,а најмногу 7 кредити, додека можноста за регистрација на семестар има одредени измени од една академска година во друга, врз основа на одлуката на Советот на Факултетот.

План-програмата на предметите е насочена во таа насока студентите да можат да се стекнат со знаења и вештини што можат да ги имплементираат на пазарот на трудот, односно теоретскиот дел на предметите соодветствува со реализацијата на практичниот дел.

За секоја студиска програма предметите се дизајнирани на таков начин што се овозможува примена на различни педагошки методи на предавање, односно интерактивни предавања и дискусии; настава во лаборатории и на терен, настава преку ИТ, односно подготовка на видеозаписи на студенти од нивната практична работа; спроведување на практична работа во училиштата и институциите со кои е потпишан претходен договор за соработка. Што се однесува на практичната работа, студентите од Педагошкиот факултет (студентите од Одделенска, Професионална и Предучилишна настава) ја реализираат, главно, во предучилишните установи и основните училишта од општина Тетово. За време на практичната работа студентите се под постојан надзор на професори и асистенти на соодветните предмети. Додека студентите на Студиската програма: Специјална едукација и рехабилитација, практичната работа ја реализираат, како во домашните институции, така и во оние во странство (види табела 3).

На сите студиски програми, во предвидените рокови на соодветните семестри, се спроведуваат колоквиуми за секој предмет, вклучително и практични колоквиуми. Студиските програми се насочени кон приспособување на динамиката на локалните и на меѓународните реформи во образованието и поради оваа причина Педагошкиот факултет има за цел:

- профилирање на студентите, преку развој на соодветни компетенции; подготвување на студентите да бидат конкурентни на пазарот на трудот;
- студиски програми да бидат прифатени на меѓународно ниво;
- обезбедување можности за академска мобилност.

Како индикатори за успех на ниво на наставата се земени наставните планови, како и нивната компатибилност со литературата, односно со нивната содржина и изведба, кои ги изразуваат професионалните компетенции на студентите по завршувањето на студиите.

Табела 3. Институциите каде што студентите по СЕР ја реазираат практичната работа

| | | \| 0 = Воопшто \| 1= Делумно \| 2= Потполно \| (за секоја наведена институција, за секој индикатор) | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Име на институцијата/компанијата/НО<br><br>(Најпрвин, наведете ги оние со кои соработува Студиската програма, а потоа оние со кои би можело да се воспостави соработка) | Вид | Е значајна за соработка со програмата | Придонесува во реализирање на практичната работа на студентите | Извор за вработување на студентите | Ги вклучува основните компетенции на понудата на пазарот на трудот | (Наведете и други имиња кои сметате дека може да се имаат предвид во иднина) |
| Изворен центар за учење и советување „Мајка Тереза“-Призрен | Државна | 2 | 2 | 2 | 2 | ДУЦОР „Партение Зогравски“ – Скопје |
| ПОУ „Иднина“ – Скопје | Државна | 2 | 2 | 2 | 2 | Одделение за аудиологија „8 Септември" – Скопје |
| ООУ „25 МАЈ“ – Скопје | Државна | 2 | 2 | 2 | 2 | СУГС „Димитар Влахов„ –Скопје |
| ЈЗУ – Завод за рехабилитација на слух, говор и глас-Скопје | Државна | 2 | 2 | 2 | 2 | Завод за ментално здравје на деца и млади „Младост“-Скопје |
| Дневен центар-Тетово | Државна | 2 | 2 | 2 | 2 | Здружение за рана стимулација, развој и игра кај деца „Креатива Исток“-Скопје |
| ОУ „Лирија“ – Тетово | Државна | 2 | 2 | 2 | 2 | |



Fakulteti Pedagogjik-Педагошки факултет-Faculty of Pedagogy
Str. Ilinden nn. 1200 Tetova, Republic of North Macedonia
www.unite.edu.mk – e-mail: pedagogy@unite.edu.mk

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ОУ „Братство-Миѓени“ – Тетово | Државна | 2 | 2 | 2 | 2 | |
| Специјално училиште за слепи деца и оштетен вид „Д-р Џеладин Деда“-Печ | Државна | 2 | 2 | 2 | 2 | |
| ДСУ „Наум Охридски“ – Скопје | Државна | 2 | 2 | 2 | 2 | |
| Топанско поле–Завод за рехабилитација на деца и млади-Скопје | Државна | 2 | 2 | 2 | 2 | |
| ЈУ Специјален завод-Демир Капија | Државна | 2 | 2 | 2 | 2 | |
| Здружението за деца со посебни потреби „Dua ylberin“-Скопје | НО | 2 | 2 | 2 | 2 | |
| Специјален центар за нега на деца со посебни потреби „Мој свет“-Скопје | НО | | | | | |

# 5. СТРУКТУРА НА НАСТАВНО-НАУЧНИОТ КАДАР

Наставниот процес во текот академските 2016/17, 2017/18 и 2018/19 година се карактеризира со одредени промени. Во текот на академската 2016/2017 година беа направени неколку измени, преку ангажирање на наставници и соработници со полно работно време, односно, беа ангажирани 12 наставници со полно работно време, и тоа 5 мажи и 7 жени, од кои: еден редовен професор, еден вонреден и 10 доценти. Во однос на ангажираните професори, вкупно беа ангажирани 4, од кои 3 мажи и 1 жена, односно, 2 доценти и 2 доктори на науки. Ако се осврнеме на табелата што се однесува на ангажираните соработници, тогаш може да се види дека наставата ја реализираа 7 редовно ангажирани соработници, 5 асистенти магистри и 2 нови асистенти, од кои 6 жени и 1

маж. Додека, како соработници ангажирани со договор на дело беа ангажирани вкупно 8 соработници, од кои 7 жени и 1 маж, односно 5 асистенти магистри и 3 демонстратори.

Почнувајќи од првата година кога Педагошкиот факултет беше прогласен како посебен факултет, а тоа е академската 2017/2018 година, беа ангажирани вкупно 15 редовни професори, кои беа префрлени од Филозофскиот факултет. Од нив, 1 беше редовен професор, 1 вонреден и 11 доценти, додека во однос на полот 4 беа мажи, 9 жени. За потребите на наставата беа ангажирани и 7 наставници со договор на дело, од кои 1 вонреден професор, 1 доцент и 4 доктори на наука, додека во однос на полот 4 мажи и 3 жени. Од редовите на соработниците, во редовен работен однос беа 6, од кои 1 маж и 5 жени, додека според звањата, 4 беа асистенти магистри и 2 млади асистенти. Беа ангажирани и 10 надворешни соработници, од кои 3 жени и 7 мажи, односно 4 асистенти магистри и 6 демонстратори.

Ако го пресметаме односот на редовниот академски кадар, чиј број изнесува 20 професори, а вкупниот број на студенти е 710, тогаш можеме да заклучиме дека секој професор треба да работи со 25.5 студенти, и секој соработник, односно асистент со 41.7 студенти, што води до констатацијата дека постои тенденција на зголемување на бројот на наставници.

Табела 4. Структура на наставници во академските 2016/2017, 2017/2018 и 2018/2019 годиниа

| **Редовни** | **2016/2017** | | **2017/2018** | | **2018/2019** | | **Со договор** | **2016/2017** | | **2017/2018** | | **2018/2019** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **М** | **Ж** | **М** | **Ж** | **М** | **Ж** | | **М** | **Ж** | **М** | **Ж** | **М** | **Ж** |
| **Редовен** | 1 | / | 1 | / | 1 | / | **Редовен** | / | / | 1 | / | 1 | / |
| **Вонреден** | / | 1 | / | 1 | 1 | 5 | **Вонреден** | / | / | 1 | / | 1 | / |
| **Доцент** | 4 | 6 | 3 | 8 | 2 | 7 | **Доцент** | 2 | / | 1 | / | / | / |
| / | / | / | / | / | / | / | **Д-р спец.** | 1 | 1 | 1 | 3 | 1 | 3 |
| **Вкупно** | **5** | **7** | **4** | **9** | **4** | **12** | **Вкупно** | **3** | **/1** | **4** | **3** | **3** | **3** |



Fakulteti Pedagogjik-Педагошки факултет-Faculty of Pedagogy
Str. Ilinden nn. 1200 Tetova, Republic of North Macedonia
www.unite.edu.mk – e-mail: pedagogy@unite.edu.mk

Табела 5. Структура на соработници во академските 2016/2017, 2017/2018 и 2018/2019 година

| **Редовни** | **2016/2017** | | **2017/2018** | | **2018/2019** | | **Со договор** | **2016/2017** | | **2017/2018** | | **2018/2019** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **М** | **Ж** | **М** | **Ж** | **М** | **Ж** | | **М** | **Ж** | **М** | **Ж** | **М** | **Ж** |
| **Асистент** | / | 5 | / | 4 | 1 | 3 | **Асистент** | / | 5 | 2 | 2 | 2 | 5 |
| **Помлад асистент** | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | / | **Помлад асистент** | / | / | / | / | / | / |
| **Демостратор** | / | / | / | / | / | / | **Демостратор** | 1 | 2 | 1 | 5 | 2 | 5 |
| **Вкупно** | **1** | **6** | **1** | **5** | **2** | **3** | | **1** | **7** | **3** | **7** | **4** | **10** |

Академскиот кадар на Педагошкиот факултет се комплетираше во 2017 година, но сè уште има недостаток на соработници во редовен работен однос на Студиската програма за педагогија, како и недостаток и на професори и на соработници во редовен работен однос на Студиската програма за специјална едукација и рехабилитација.

## 5.1. Наставен кадар на Студиската програма: Професионална педагогија

Со цел да се има јасна претстава за наставниците и нивните звања при реализирање на наставата на секоја студиска програма, креирани се соодветни табели. Врз основа на долунаведената табела јасно може да се види дека на Студиската програма: Професионална педагогија, во учебната 2016/2017 година, имало вкупно 8 наставници во редовен работен однос, 3 мажи и 6 жени, 1  редовен професор и 6 доценти, додека воопшто немало ангажирани со договор на дело. Што се однесува до соработниците, ангажирани се 4, односно1 маж и 3 жени, од кои 2 доценти и 2 млади асистенти, додека немало ангажирано соработници со договор на дело.

Во следната академска 2017/2018 година не е забележена некоја драстична промена кај наставниците во редовен работен однос, така што се бележи само реорганизација според наставните звања, односно од вкупно 9 наставници во редовен работен однос, 1 е редовен, 1 вонреден професор и 7 доценти, додекаво однос на полот, 3 се мажи и 6 се

жени. Исто така, оваа година не беа ангажирани наставници со договор на дело. Што се однесува до соработниците, ангажирани беа вкупно: 3 соработници, 2 нови асистенти и 1 асистент магистер, односно 2 жени и 1 маж, додека немаше надворешни соработници.

Во учебната 2018/2019 година бројот на наставници во редовен работен однос беше ист, односно од вкупно 9 наставници со полно работно време (7 жени и 2 мажи), 1 беше редовен професор, 4 се здобија со звањето редовен професор, а 4 беа доценти, додека немаше наставници ангажирани со договор на дело. Што се однесува до соработниците, во наставниот процес во редовен работен однос беа само 1 жена асистент магистер и 1 жена асистент со договор на дело.

Табела 6. Структура на наставници во академските 2016/2017, 2017/2018 и 2018/2019 година

| **Редовни** | **2016/2017** | | **2017/2018** | | **2018/2019** | | **Со договор** | **2016/2017** | | **2017/2018** | | **2018/2019** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **М** | **Ж** | **М** | **Ж** | **М** | **Ж** | | **М** | **Ж** | **М** | **Ж** | **М** | **Ж** |
| **Редовен** | 1 | / | 1 | / | 1 | / | **Редовен** | / | / | / | / | / | / |
| **Вонреден** | / | 1 | / | 1 | / | 4 | **Вонреден** | / | / | / | / | / | / |
| **Доцент** | 2 | 4 | 2 | 5 | 1 | 3 | **Доцент** | / | / | / | / | / | / |
| / | / | / | / | / | / | / | **Д-р спец.** | / | / | / | / | / | / |
| **Вкупно** | **3** | **5** | **3** | **6** | **2** | **7** | **Вкупно** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** |

Табела 7. Структура на соработници во академските 2016/2017, 2017/2018 и 2018/2019 година

| **Редовни** | **2016/2017** | | **2017/2018** | | **2018/2019** | | **Со договор** | **2016/2017** | | **2017/2018** | | **2018/2019** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **М** | **Ж** | **М** | **Ж** | **М** | **Ж** | | **М** | **Ж** | **М** | **Ж** | **М** | **Ж** |
| **Асистент** | / | 2 | / | 1 | / | 1 | **Асистент** | / | / | / | / | / | 1 |
| **Помлад асистент** | 1 | 1 | 1 | 1 | / | / | **Помлад асистент** | / | / | / | / | / | / |



Fakulteti Pedagogjik-Педагошки факултет-Faculty of Pedagogy
Str. Ilinden nn. 1200 Tetova, Republic of North Macedonia
www.unite.edu.mk – e-mail: pedagogy@unite.edu.mk

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Демостра тор** | / | / | / | / | / | / | **Демострато р** | / | / | / | / | / | / |
| **Вкупно** | **1** | **3** | **1** | **2** | **/** | **1** | | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **1** |

## 5.2. Наставен кадар на Студиската програма: Одделенска настава

На Студиската програма: Одделенска настава, во учебната 2016/2017 година, наставниот процес се реализираше од страна на 2 наставници доценти од женски пол и 1 доцент и 1 доктор на науки од машки пол. Што се однесува до соработниците, во оваа академска година во редовен работен однос беа ангажирани само еден асистент магистер од женски пол и 1 демостратор со договор на дело, од машки пол.

Во академска 2017/2018 година бројот на наставници не бележи промена во однос на претходната година (за наставниците во редовен работен однос и за оние со договор на дело), додека во однос на соработниците, ангажиран е еден асистен магистер од женски пол и 1 со договор на дело.

Академската 2018/2019 година бележи промени кај кадарот во редовен работен однос, односно 3 се доценти од машки пол, додека се ангажирани 1 редовен професор и 1 доктор на науки.

Што се однесува на соработниците, кај кадарот во редовен работен однос нема промени, додека кај вработените со договор на дело постојат промени, односно наставата се реализира од страна на 2 асистенти магистри од женски пол.

Табела 8. Структура на наставници во академските 2016/2017, 2017/2018 и 2018/2019 година

| **Редовни** | **2016/2017** | | **2017/2018** | | **2018/2019** | | **Со договор** | **2016/2017** | | **2017/2018** | | **2018/2019** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **М** | **Ж** | **М** | **Ж** | **М** | **Ж** | | **М** | **Ж** | **М** | **Ж** | **М** | **Ж** |
| **Редовен** | / | / | / | / | / | / | **Редовен** | / | / | / | / | / | / |



Fakulteti Pedagogjik-Педагошки факултет-Faculty of Pedagogy
Str. Ilinden nn. 1200 Tetova, Republic of North Macedonia
www.unite.edu.mk – e-mail: pedagogy@unite.edu.mk

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вонреден** | / | / | / | / | / | / | **Вонреден** | / | / | / | / | 1 | / |
| **Доцент** | / | 2 | / | 2 | | 3 | **Доцент** | 1 | / | 1 | / | / | / |
| **/** | / | / | / | / | / | / | **Д-р спец.** | 1 | / | 1 | / | 1 | / |
| **Вкупно** | **/** | **2** | **/** | **2** | **/** | **3** | **Вкупно** | **2** | **/** | **2** | **/** | **2** | **/** |

Табела 9. Структура на соработници во академските 2016/2017, 2017/2018, 2018/2019 година

| **Редовни** | **2016/2017** | | **2017/2018** | | **2018/2019** | | **Со договор** | **2016/2017** | | **2017/2018** | | **2018/2019** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **М** | **Ж** | **М** | **Ж** | **М** | **Ж** | | **М** | **Ж** | **М** | **Ж** | **М** | **Ж** |
| **Асистент** | / | 1 | / | 1 | 1 | / | **Асистент** | / | / | / | / | / | 2 |
| **Помлад асистент** | / | / | / | / | / | / | **Помлад асистент** | / | / | / | / | / | / |
| **Демостра тор** | / | / | / | / | / | / | **Демострато р** | 1 | / | 1 | / | / | / |
| **Вкупно** | **/** | **1** | **/** | **1** | **1** | **/** | | **1** | **/** | **1** | **/** | **/** | **2** |

## 5.3. Наставен кадар на Студиската програма: Предучилишна насока

На Студиската програма: Предучилишна насока, како што може да се види од табелата, нема промени на кадарот ангажиран во редовен однос и со договор на дело за три академски години, односно наставата се реализира од страна на само еден доцент од машки пол и еден асистент магистер од женски пол во редовен работен однос и нема ангажирани со договор на дело во трите академски години.

Табела 10. Структура на наставници во академските 2016/2017, 2017/2018 и 2018/2019 години

| Редовни | 2016/2017 | | 2017/2018 | | 2018/2019 | | Со договор | 2016/2017 | | 2017/2018 | | 2018/2019 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | М | Ж | М | Ж | М | Ж | | М | Ж | М | Ж | М | Ж |
| **Редовен** | / | / | / | / | / | / | **Редовен** | / | / | / | / | / | / |
| **Вонреден** | / | / | / | / | / | / | **Вонреден** | / | / | / | / | / | / |
| **Доцент** | 1 | / | 1 | / | 1 | / | **Доцент** | / | / | / | / | / | / |
| / | / | / | / | / | / | / | **Д-р спец..** | / | / | / | / | / | / |
| **Вкупно** | **1** | **/** | **1** | **/** | **1** | **/** | **Вкупно** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** |

Табела 11. Структура на соработници во академските 2016/2017, 2017/2018 и 2018/2019 година

| Редовни | 2016/2017 | | 2017/2018 | | 2018/2019 | | Со договор | 2016/2017 | | 2017/2018 | | 2018/2019 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | М | Ж | М | Ж | М | Ж | | М | Ж | М | Ж | М | Ж |
| **Асистент** | / | 1 | / | 1 | / | 1 | **Асистент** | / | / | / | / | / | / |
| **Помлад асистент** | / | / | / | / | / | / | **Помлад асистент** | / | / | / | / | / | / |
| **Демостратор** | / | / | / | / | / | / | **Демостратор** | / | / | / | / | / | / |
| **Вкупно** | **/** | **1** | **/** | **1** | **/** | **1** | **Вкупно** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** |

## 5.4. Наставен кадар на Студиската програма: Специјална едукација и рехабилитација

На Студиската програма: Специјална едукација и рехабилитација, која беше акредитирана во 2013 година, беше ограничено времето за да се регулира кадарот во редовен работен однос, затоа и табелата покажува дека во 2016/2017 година биле ангажирани само еден доцент од машки пол и 2 доктори на науки со договор на дело (еден


Fakulteti Pedagogjik-Педагошки факултет-Faculty of Pedagogy
Str. Ilinden nn. 1200 Tetova, Republic of North Macedonia
www.unite.edu.mk – e-mail: pedagogy@unite.edu.mk

од машки и еден од женски пол). Што се однесува до соработниците, во оваа академска година се бележи промена кај кадарот во редовен работен однос, односно еден магистер се здобива со звањето асистент магистер докторант, додека од ангажираните, 8 се од женски пол, 3 магистри и 5 со завршено високо образование - демостратори.

Академската 2017/2018 година за Студиската програма: Специјална едукација и рехабилитација бележи промени кај кадарот во редовен работен однос, затоа што покрај еден редовен професор од машки пол, со звањето доцент се здоби и еден професор од женски пол, додека од кадарот ангажиран со договор на дело, три се доктори на науки од женски пол и еден редовен професор од машки пол. Што се однесува на соработниците, кадарот во редовен работен однос останува непроменет, додека од ангажираните со договор на дело, од вкупно ангажирани 10 (8 жени и 2 мажи) 4 се магистри и 6 со завршено високо образование.

Ако го пресметаме односот на редовниот академски кадар, кои се вкупно 3 професори и 1 соработник, а вкупниот број студенти е 180, тогаш можеме да заклучиме дека секој професор треба да работи со 60 студенти, и токму затоа потенцираме дека е задолжително ангажирање на надворешни наставници.

Табела 12. Структура на наставници во академските 2016/2017, 2017/2018 и 2018/2019 година

| **Редовни** | **2016/2017** | | **2017/2018** | | **2018/2019** | | **Со договор** | **2016/2017** | | **2017/2018** | | **2018/2019** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **М** | **Ж** | **М** | **Ж** | **М** | **Ж** | | **М** | **Ж** | **М** | **Ж** | **М** | **Ж** |
| **Редовен** | / | / | / | / | / | / | **Редовен** | / | / | 1 | / | 1 | / |
| **Вонреден** | / | / | / | / | 1 | / | **Вонреден** | / | / | / | / | / | / |
| **Доцент** | 1 | / | 1 | / | / | 1 | **Доцент** | / | / | / | / | / | / |
| / | / | / | / | / | / | / | **Д-р спец.** | 1 | 1 | 1 | 3 | / | 3 |
| **Вкупно** | **1** | **/** | **1** | **/** | **1** | **1** | **Вкупно** | **1** | **1** | **2** | **3** | **1** | **3** |

Табела 13. Структура на соработници во академските 2016/2017, 2017/2018 и 2018/2019 година

| **Редовни** | **2016/2017** | | **2017/2018** | | **2018/2019** | | **Со договор** | **2016/2017** | | **2017/2018** | | **2018/2019** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **М** | **Ж** | **М** | **Ж** | **М** | **Ж** | | **М** | **Ж** | **М** | **Ж** | **М** | **Ж** |
| **Асистент** | / | / | / | 1 | / | 1 | **Асистент** | / | 5 | / | 3 | 2 | 2 |
| **Помлад асистент** | / | / | / | / | / | / | **Помлад асистент** | / | / | / | / | / | / |
| **Демостра тор** | / | / | / | / | / | / | **Демострат ор** | / | 2 | / | 5 | / | 6 |
| **Вкупно** | **/** | **/** | **/** | **1** | **/** | **1** | **Вкупно** | **/** | **7** | **/** | **8** | **2** | 8 |

# 6. СТРУКТУРА НА СТУДЕНТИ

## *Структура на студенти на додипломски студии во академските 2016/17, 2017/18 и 2018/19 година*

Промотивната понуда на Педагошкиот факултет се реализира во рамките на општата промоција на Универзитетот во Тетово. Овој процес се спроведува од страна на Комисија составена од неколку члена, која реализира посета на сите средни училишта во Република Северна Македонија. Во текот на овие посети се презентира Факултетот, студиските програми со нивните карактеристики, како и другите услови што ги нудат студиските програми за реализирање на наставно-научниот процес. Меѓу другото, промоцијата на Педагошкиот факултет се реализира и во рамките на отворените денови што се одржуваат на Универзитетот, а кои нудат разни промотивни материјали и им се овозможува на идните студенти одблиску да ги разгледат просториите на Педагошкиот факултет. Исто така, идните потенцијални студенти имаат можност да се сретнат со актуелните студенти, како и да ги  видат некои од вештините кои ги имаат стекнато во текот на студиите.

На Педагошкиот факултет во академската 2016/2017 година на сите студиски програми се регистрирани вкупно 280 студенти (в. Табела 15).

Студиската програма: Одделенска настава има највисок процент на студенти, односно 55%, потоа е Студиската програма: Професионална педагогија, со околу 21%, Специјална едукација и рехабилитација со околу 18% и со најмал процент на студенти е Студиската програма: Предучилишната насока, со околу 6% од вкупниот број на студенти на Педагошкиот факултет во академската 2016/2017 година.

Застапеноста на странските студенти на Педагошкиот факултет, во академската 2016/2017 година е со околу 10%. Поголемиот дел од студентите со странско државјанство се регистрирани на Студиската програма: Одделенска настава, и тоа со 9%. Учеството на другите националности кои живеат во РСМ од вкупниот број на запишани студенти на Педагошкиот факултет е околу 4%. Исто така, бројот на студенти кои се добитници на стипендии од Универзитетот во Тетово, а воедно се и одлични студени во академската 2016/2017 година е 8.

Табела 14. Број на студенти на додипломски студии по студиски програми во академската 2016/2017 година

| **Академска 2016/17 година** | **Студиска програма** | **Редовни** | **Вонредни** | **Проект 35/45** | **Вкупно** | **С.Д.** | **Националност** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **Одделенска настава** | 74 | 76 | 4 | 154 | 24 | 1 |
| 2 | **Педагогија - Професионална** | 49 | 8 | 1 | 58 | / | 6 |
| 3 | **Предучилишна насока** | 6 | 9 | 3 | 18 | 1 | 1 |
| 4 | **Специјална едукација и рехабилита** | 50 | / | / | 50 | 2 | 3 |

| | ција | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|

Во академската 2017/2018 година на Педагошкиот факутет се запишани вкупно 192 студенти (в. Табела 16).

Студиската програма: Одделенска настава има највисок процент на студенти, со околу 45% од вкупниот број на студенти, потоа следат: Специјална едукација и рехабилитација, со околу 26%, Професионална педагогија со околу 20% и Предучилишната насока, со околу 9%. Застапеноста на студентите со странско државјанство на Педагошкиот факултет, во академската 2017/2018 година е со околу 5%. Поголемиот дел од студентите со странско државјанство се регистрирани на Студиската програма: Одделенска настава со 3%, а на другите студиски програми на Педагошкиот факултет има ист процент на запишани странски државјани и тоа 0.5%. Учеството на другите националности кои живеат во РСМ од вкупниот број на запишани студенти на Педагошкиот факултет во академската 2017/2018 година е околу 4%, така што на Студиската програма: Професионална педагогија беа запишани околу 3%, на Специјална едукација и рехабилитација, околу 1.5 %, додека на студиските програми Одделенска настава и Предучилишна насока нема запишано студенти од националностите.

Бројот на студенти кои се корисници на стипендии од Универзитетот во Тетово, односно од Педагошкиот факултет во академската 2017/2018 година е 9.

Табела 15. Број на студенти на додипломски студии по студиски програми во академската 2017/2018 година

| **Академска 2017/18 година** | **Студиска програма** | **Редовни** | **Вонредни** | **Проект 35/45** | **Вкупно** | **С. Д.** | **Националност** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1** | **Одделенска настава** | 56 | 31 | / | 87 | 6 | / |



Fakulteti Pedagogjik-Педагошки факултет-Faculty of Pedagogy
Str. Ilinden nn. 1200 Tetova, Republic of North Macedonia
www.unite.edu.mk – e-mail: pedagogy@unite.edu.mk

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **2** | **Професион ална насока** | 33 | 6 | / | 39 | 1 | 5 |
| **3** | **Предучили шна насока** | 10 | 7 | / | 17 | 1 | / |
| **4** | **Специјална едукација и рехабилита ција** | 49 | / | / | 49 | 1 | 3 |

Во академската 2018/2019 година на Педагошкиот факутет се запишани вкупно 182 студенти (в. Табела 17).

Студиската програма: Одделенска настава има највисок процент на запишани студенти, со околу 49%, потоа следи Специјална едукација и рехабилитација, со околу 25%, Професионална педагогија, со околу 29%, и со најмал процент е Студиската програма: Предучилишна насока, со околу 8%. Застапеноста на студентите со странско државјанство на Педагошкиот факултет, во академската 2018/2019 година е околу 13%. Поголемиот дел од студентите со странско државјанство се регистрирани на Студиската програма: Одделенска настава, со 12.5%, на Специјална едукација и рехабилитација, со околу 0.5%, додека на другите студиски програми на Педагошкиот факултет нема запишани странски државјани. Во академската 2018/2019 година нема запишани студенти од другите националности.

Бројот на студенти кои се корисници на стипендии од Универзитетот во Тетово, односно од Педагошкиот факутет, во академската 2018/2019 година е 3.

Табела 16. Број на студенти на додипломски студии по студиски програми во академската 2018/2019 година

| **Академска 2018/19 година** | **Студиска програма** | **Редовни** | **Вонредни** | **Проект 35/45** | **Вкупно** | **С.Д.** | **Националност** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1** | **Одделенска настава** | 71 | 18 | / | 89 | 23 | / |
| **2** | **Професионална насока** | 28 | 6 | / | 34 | / | / |
| **3** | **Предучилишна насока** | 11 | 3 | / | 14 | / | / |
| **4** | **Специјална едукација и рехабилитација** | 45 | / | / | 45 | 1 | / |

## *Структура на студенти на магистерски студии*

Студиите од втор циклус студии на Педагошкиот факултет се реализираат во три насоки: Менаџмент во образованието, Елементарно образование и Дидактички иновации. Во учебната 2017/2018 година, запишани се вкупно 10 студенти. Од нив 9 се од женски и 1 од машки пол. Според насоките, структурата е следна: 5 студенти се запишани на насоката Менаџмент во образованието, 3 на насоката Елементарно образование и 1 на насоката Дидактичка иновација и, освен 1, сите се од женски пол.

Во академската 2018/2019 година се запишани вкупно 31 студент, од кои само 7 се од машки пол. Според студиските програми, бројот на запишани студенти е како што следува: на Студиската програма: Менаџмент во образованието се запишани вкупно 5 студенти, од кои 3 се од женски пол; 22 студенти се запишани на насоката Елементарно


Fakulteti Pedagogjik-Педагошки факултет-Faculty of Pedagogy
Str. Ilinden nn. 1200 Tetova, Republic of North Macedonia
www.unite.edu.mk – e-mail: pedagogy@unite.edu.mk

образование, од кои 18 се од женски пол, додека на Студиската програма: Дидактичката иновација се запишани  вкупно 4 студенти, од кои 3 се од женски пол.

Табела бр. 17. Насоки и број на запишани студенти на втор циклус за академските 2017/2018 и 2018/2019 година

| **Година** | **Број на запишани** | **М** | **Ж** | **Студиска progрма** | **М** | **Ж** | **Магистрирани** | **М** | **Ж** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **2017** | / | / | / | **Менаџмент во обзразованието** | / | 5 | / | / | / |
| | 10 | 1 | 9 | **Основно образование** | 1 | 3 | 14 | 2 | 12 |
| | / | / | / | **Дидактична иновација** | | 1 | / | / | / |
| **2018** | / | / | / | **Менаџмент во обзразованието** | 2 | 3 | / | / | / |
| | 31 | 7 | 24 | **Основно образование** | 4 | 18 | 19 | 1 | 18 |
| | / | / | / | **Дидактична иновација** | 1 | 3 | / | / | / |
| **2019** | / | / | / | **Менаџмент во обзразованието** | 2 | 8 | / | / | / |
| | 30 | 2 | 28 | **Елементарно образование** | / | 7 | 29 | 2 | 27 |
| | / | / | / | **Дидактична иновација** | | 13 | / | / | / |

## ***Структура на студенти на докторски студии***

Во учебната 2017/2018 година на Педагошкиот факултет се акредитираа студиски програми од трет циклус (докторски студии), додека регистрацијата на кандидати од третиот циклус беше реализирана во зимскиот семестар 2018 година. Тројцата регистрирани кандидати (две жени и еден маж) ги следеле и реализирале предвидените

активности на соодветната програма. Двајца кандидати (еден од машки и еден од женски пол) беа регистрирани на насоката Стратегија за развој на наставата, а 1 кандидат (од женски пол) на насоката Стратегија за развој на образованието.

Табела бр. 18. Насоки и број на запишани студенти на трет циклус студии за академската 2018/2019 година

| **Програма** | **НАСОКА** | **С** | **ЕКТС** | **КВАЛИФИКАЦИЈА** |
|---|---|---|---|---|
| Педагогија | Стратегија за развој на образованието | 6 | 180 | Доктор по педагогија-Стратегија за развој на образованието |
| Педагогија | Стратегија за развој на наставата | 6 | 180 | Стратегија за развој на наставата |

# 7. АНКЕТИРАЊЕ НА СТУДЕНТИТЕ

Анкетирањето на студентите претставува инструмент за следење на мислењето на студентите за квалитетот на наставниот процес, при што студентите имаат можност да ги изразат своите мислења за важни сегменти од наставниот процес и за други активности во рамките на Факултетот.

Реализирањето на часот е оценето од страна на 416 студенти. Од нив 360 студенти се од Студиската програма: Педагогија и 56 од Студиската програма: Специјална едукација и рехабилитација.

Околу 95% од студентите проценуваат дека предавањата почнуваат точно според службениот распоред и околу 84% се изјаснуваат дека наставните часови завршуваат во

предвиденото време. За реализирање на предавањата на Педагошкиот факултет најчесто се користи power point-презентација. На ниво на Факултетот, ова го потврдуваат 43% од студентите, додека 25% изјавуваат дека наставниците се служат со пишување на табла.

***Реализирањето на предавањата*** е вреднувано преку седум индикатори. Во рамките на Педагошкиот факултет највисоки позитивни оценки се дадени по однос на сигурноста и јасноста во текот на предавањата (M= 4,71; M=4,67). И двете карактеристики се оценети како доминантно позитивни на сите студиски програми на Факултетот.

Табела 19. Просек на индикатори за реализирање на предавањата

| | **Темата е во согласност со предавањата** | **Јасни предавања** | **Предавачот е јасен** | **Предавачот е убедлив** |
|---|---|---|---|---|
| | Просек (N) | Просек (N) | Просек (N) | Просек (N) |
| **Класна и предучилишна педагогија** | 4,64 (360) | 4,64 (360) | 4,71 (360) | 4,67 (360) |
| **Специјална едукација и рехабилитација** | 4,31 (56) | 4,71 (56) | 4,78 (56) | 4,763 (56) |

***Содржината на предавањето/презентацијата*** беше оценета преку 14 тврдења, при што беа одговорени пет можни опции, од воопшто не се согласувам (1) до потполно се согласувам (5). Студентите изјавиле дека материјалот презентиран во текот на предавањето е во согласност со темата презентирана на почетокот на часот (M=4,59), наставниците ги прашувале студентите за можни нејаснотии (M=4,66) и студентите точно знаеле на што треба да се фокусираат за подготвување на конкретна тема (M=4,47).

Табела 20. Просек на индикатори за содржината на предавањата

| | **Насочување кон основните точки на темата** | **Поврзување со претходните теми** | **Илустрација на соддржината преку примери** | **Поврзување за примена на знаењата во пракса** | **Мотивирање за активно учество во предавања** |
|---|---|---|---|---|---|

| | Просек (N) | Просек (N) | Просек (N) | Просек (N) | Просек (N) |
|---|---|---|---|---|---|
| **Класна и предучилишна педагогија** | 4,06 (360) | 3,85 (360) | 4,33 (360) | 4,24 (360) | 4,42 (360) |
| **Специјална едукација и рехабилитација** | 3,40 (56) | 3,32 (56) | 4,53 (56) | 4,36 (56) | 4,20 (56) |

***Невербалната интеракција*** на наставниците е оценета преку десет тврдења, исто така, со пет можни опции на одговори, и тоа од „воопшто не се согласувам“ (1) до „потполно се согласувам“ (5). Во целина, студентите позитивно ја оценувале интеракцијата на наставниците кон нив за време на предавањето. Невербалниот контакт со сите студенти како урамнотежено наблудување кон сите (M=4,55) и наставниците ги држеле студентите фокусирани на темата (M=4,25) може да се издвојат како посебни позитивни одлики на наставниците во рамките на Педагошкиот факултет.

Табела 21. Просек на индикатори за содржината на менаџирање на часот од страна на наставникот

| | **Активно слушање на коментарите на студентите** | **Стимулирање на активно учество во предавањата** | **Беше неприсутен во текот на дискусијата со студентите** | **Оддржа концентрација на студентите** | **Балансирано наблудување према сите студенти** | **Задоволни од реализирање на часот** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Просек (N) | Просек (N) | Просек (N) | Просек (N) | Просек (N) | Просек (N) |
| **Класна и предучилишна педагогија** | 4,17 (360) | 3,91(360) | 4,08 (360) | 4,26 (360) | 4,55 (360) | 4,54 (360) |
| **Специјална едукација и рехабилитација** | 4,15 (56) | 3,55 (56) | 3,88 (56) | 4,05 (56) | 4,52 (56) | 4,36 (56) |

# 8. НАУЧНА АКТИВНОСТ И УЧЕСТВО ВО ПРОЕКТИ

Педагошкиот факултет, односно кадарот на овој факултет се одликува со значителен број активности, проекти, истражувања и слични активности. Во учебната 2017/2018 година, може да се избројат следните активности:

- Меѓународна конференција на Универзитетот во Тетово, во соработка со Меѓународниот универзитет во Нови Пазар, што се оддржа на 14.4.2018 година, во Прешево, на тема: „Современите перспективи на образовната дејност“;
- Во 2018 г. беше основано новото научно списание „EDUCATION- Journal of educational research“ - научно списание за образование;
- Тркалезна маса-дебата по повод одбележувањето на 8 Март;
- Во 2017-2018 година беа организирани и реализирани многу настани од национален и меѓународен карактер (7 Март-Денот на учителот, 22 Ноември-Денот на албанската збука, 9 Мај-Денот на Европа, 4 Јули-Денот на независноста на САД, итн.);
- Одбележување на Меѓународниот ден на лицата со попреченост (активности спроведени од наставници и ученици од СЕР, додека на настанот присуствуваа претставници од неколку невладини организации, УНИЦЕФ, итн., како и од дневни центри кои работат во рамките на градот Тетово);
- Во рамките на Отворените денови на Универзитетот реализрани се значајни активности и постигнати се видливи резултати во насока на промовирање на образовната понуда на Универзитетот и академската единица за учебната 2017/2018 година).

***Во учебната 2018/2019 г. може да се издвојат следните активности:***

- Организации по повод Првиот конгрес, Втората меѓународна научна конференција на Педагошкиот факултет (септември-ноември 2018 година);

- Меѓународната научна конференција „Педагошката теорија и пркакса во време на промени“, 7.12.2018 година;
- Во 2018-2019 година беа организирани и реализирани многу настани од национален и меѓународен карактер (7 Март-Денот на наставникот; 22 Ноември-Денот на албанската азбука; 9 Мај-Денот на Европа; 4 Јули-Денот на независноста на САД, итн.; 3 декември, одбележување на Меѓународниот ден на лицата со попреченост (активности спроведени од наставници и ученици од СЕР, додека на настанот присуствуваа претставници на неколку невладини организации, како и од дневни центри кои работат во рамките на градот Тетово);
- Во рамките на Отворените денови на Универзитетот реализрани се значајни активности и постигнати се видливи резултати во насока на промовирање на образовната понуда на Универзитетот и на академските единици за учебната 2018/2019 година);
- Личната изложба, „ЖЕНСКАТА ЗАШТИТА“ - Уметничка галерија, Тетово 2019 г., во организација на Министерството за култура на Република Северна Македонија.

Наставниот кадар на Педагошкиот факултет учествувал на повеќе научни конференции од меѓународен карактер во и надвор од земјата, има објавено трудови во меѓународни списанија и списанија со импакт-фактор, има објавено научни трудови со веродостојни научни резултати, објавени како збир на трудови од стручни научни собири со меѓународен совет. Исто така, вреди да се истакне дека професорите и соработниците учествуваа и во активности од различен карактер, како на пр.: дебати, ангажмани во улога на панелисти, лични изложби и учество на колективни изложби, менаџери на обуки, а значителен број од нив се членови на одбори, рецензенти и сл.

Конференциите на кои учествуваат наставниците, главно, се од меѓународен карактер. Покрај големиот број учества и публикации на конференции оддржани на Педагошкиот факултет, како и публикации во списанијата „Philosophica“, „Education“ и „KNOWLEDGE Internacional Journal“, кадарот на Педагошкиот факултет бил активен и со

учеството и на други конференции, симпозиуми и слични активности, како и публикации во разни научни списанија.

Подолу е даден преглед на само дел од активностите на национални и меѓународни конференции, како што се:

- 13-th International Scientific Conference: „The teacher of the future“-TF 25-28 мај, 2017, Будва, Црна Гора, ISSN 2545-4439;
- 5th European Conference on Mental Health, Prague, 2017;
- XV International Symposium on Comparative Sciences, Borovets, Bulgaria, 20-23.6.2017,8-245-183-1;
- Conference of Leadership, Opatija (Croatia) 2017.
- „International conference on applied sciences, Engineering and Mathematics“ (ICASEM 2017), OHRID;
- „International Coference of Natural Science and Mathematics“, 2017, Tetove, UT.
- V Congress of Macedonian Mathematicians, 2017, Ohrid;
- XIV International scientific conference „The power of knowledge“, Selanik 2017.
- International scientific Conference Contemprorary perspectives of educational work, International university of N.Pazar and UT –Presevo, 14.4.2018;
- Научна конференција, квалитетно образование - „Развој, резултати и подобра идинина“, организирана од UNICEF и Министерството за социјална политика, 4-6 декември 2017, Скопје;
- 3rd International Scientific Conference titled „Beginnings of Political Pluralism in Macedonia and Post-Communism“ - South East Europian University, Skopje, 18-19 October 2018;
- Конференција: „Реформите во образованието - Предизвици и перспективи во образувањето на учителите“, Foundation Open Society Macedonia, 15.5.2018, Скопје;

- Регионална конференција на високо ниво: „Проширување на акцијата за ставање крај на насилството врз децата на Западен Балкан“; организирана од Владата на Република Северна Македонија UNICEF, 28-29.11.2019, Скопје;
- „Education and pedagogical ethics in school“, Прва конференција на Педагошкиот факултет, УТ-Тетово, 7.12.2018;
- XXI International Scientific Conference „The teacher of the future“, 7-9 June, 2019, Будва, Црна Гора;
- Muđunarodna naučno/stručna konferencija „Unapređenje kvaliteta života djece imladih“, Harkanj, Hungary 22-24 qershor, 2018;
- XIX International Scientific Conference „Knowledge in practice“,14-16 December, 2018
- 1st International Scientific Conference of the Faculty of Pedagogy „Pedagogical theory and practice in a time of change“ – ISCFP18, 7 dhjetor 2018;
- Трета меѓународна конференција организирана од Факултетот за современи социјални науки, УЈИЕ, „Beginnings of Political Pluralism in Macedonia and Post-Communism“;
- XX International Scientific Conference „Knowledge without borders“,29 – 31 March 2019;
  - XII Меѓународен семинар за албанологија, 28 септември 2018, Тетово.

Академскиот кадар на Педагошкиот факултет, освен публикациите во списанија на Универзитетот во Тетово е активен и со публикации во списанија, конферецнии на домашно и меѓународно ниво. Подолу е даден преглед на само дел од нив:

- IOSR JOSR Journal of Humanities and Social Science e indeksuar ne EBSCO;
- Proceedings 11th International Technology, Education and Development Conference March 6th-8th, 2017 -Valencia, Spain;
- European journal of social sciences education and research ISSN 2312 8429;
- Journal of Education and Practice www.iiste.org ISSN 2222-1735 (Paper) ISSN 2222-

288X(Online) Vol.8, No.6, 2017;

- International Knowledge Sharing Platform (IISTE) – Journal of Educational and Practice, Vol.10, No.20, 2019, Pp. 26-30, ISSN:2458-9489, ISSN: 1303-5134, IC Impact factor value 7.15;
- Europian Journal of Educational Studies, Vol.6 Issue 4, 2019, Pp. 317-322, ISSN: 2501-1111, ISSN-L:2501-1111, Bucharest, Romania;
- Публикација на соопштенија од Годишната научна конференција „Денови на науката", 978-9951-16-116-9, 2018, Приштина;
- KNOWLEDGE – International Journal.

## ***Монографии-книги:***

Агим Салмани: „Деликвентното поведение на адолесцентите во контекст на родителското воспитување", 2020, Arberia Design;

Ајдински Г., Велкоска А., Меди Б.: „Ограничената интелектуална способност". Универзитет во Тетово, Arberia Design, Тетово, 2017 ISBN 978-608-217-052-7;

Ардита Цека: „Училишна педагогија", Чабеј 2017 ISBN 978-608-4819-03-, Универзитетска книга, 2017;

Ардита, Цека: „Мисли и изреки на професор Џеладин Мурати", Лума ISBN978-608- 4800-35-4, 2017;

Ардита Цека: „Организација на училиштето", Чабеј, Тетово, 2019;

Беса Догани: „Комуницирањето и соработката помеѓу училиштето и семејството за успешно прилагодување на учениците во наставниот процес" Luma Grafik, Тетово, 2020, ISBN: 978-608-4882-11-4;

Беса Догани: „Партиципативноста на одговорните субјекти во училиштето за поуспешна адаптација на учениците", Luma Grafik, Тетово, 2019, ISBN 978-608-66423-0-3;

Беса Хавзиу: „Улогата на наставникот во традиционалното и иноватнивното учење"-2019;

Беса Хавзиу: „Слободните активности на учениците од средното образование", 2019;

Љуљзим Мехмеди (2020), „Менаџирањето и претприемништвото во образованието", Тетово, Arberia Design;

Љуљзиме Лутфиу Кадриу: „Вовед во педагогија“ (За студентите од насоката за Прекфалификација), 2020, Luma Grafik, Тетово, ISBN 978-608-4800-87- , COBISS. MK-ID 52543749;

Мемеди Б., Филипова С., Рамадани Р, Т.: „Логопедија“, Универзитет во Тетово, Тетово;

Рабије Мурати: „Демократизација на воспитно-образовниот систем во Република Македонија“, Luma Grafik, Тетово, 2018;

Рабије Мурати: „Современиот учител и квалитетното образование“, Luma Grafik, 2019;

Рабије Мурати: „Демокрацијата во училиште“, Luma grafik, Тетово, 2019;

Светлана Пандилоска-Грнчаровска: „Основи за доживотно учење“, City Copy Center, Tetovo, 2017, ISBN 987;

Теута И., Фламуре И., Алит И.: „Математика за Педагошкиот факултет“ 2017 ISBN 978-608-4733-27-0;

Теута Иљази: „Збирка на задачи од математика“ 2019, Универзитет во Тетово;

Џеладин Мурати, Рабије Мурати: „Водењето на училиштето како развоен процес“ датапонс дооел, Скопје, 2017 година;

Зенуни-Идризи Ваљдета: (2020) „Имплементација на формативното оценување на постигнувањата на учениците во основното училиште“, Тетово, Luma Graphic;

Ајдински Г., Велкоска А., Мемеди Б.: „Интелектуалната попреченост“, Универзитетот во Тетово, Arberia Design, Тетово, 2017,ISBN 978-608-217-052-7;

Кирил Барбареев, Светлана Пандилоска Грнчароска: „Методика на наставата-од наука до уметност“, ИСБН 987-608-4879-39-8, Stip, 2-ri Август, 2020;

Љуљзим Мехмеди: „Менаџментот и претприемништвото во образованието“, Скопје, Litera Grup;

Светлана Пандилоска-Грнчаровска: „Клучни компетенции за доживотно учење“, ISBN 987-608-4855-20-0, Скопје, Litera grup, 2020.

На Педагошкиот факултет се реализирани значителен број на проекти, од кои би ги издвоиле:

- Проектот: „Search for Common Ground and Violend Conflict“, предводен од USAID;
- Проектот: „Anchoring multi-ethnic youth work in the university curriculum for future teachers“, предводен од невладината организација Center for Balkan Cooperation – „LOJA“ и организацијата „Kurve Wostrow“ – Center for Training and Networking in Nonviolent Action;
- Проектот: „Инклузија на децата со посебни потреби“, предводен од „Open The Windows“ и „Pestalozzi Children’s Fondation“ – Education and intercultural competence worldwide;
- Проектот во рамките на ERASMUS + со наслов „Enhancingyouth employment through developing curricula focusing on soft skills“, предводен од HEIs Kosovo.

# 9. ПРОСТОРИИ И ОПРЕМА

Педагошкиот факултет располага со простории од вкупно 486,98 м2. Во рамките на овие простории влегува и амфитеатарот бр. 341, со површина од 171,57 м2 каде што се реализираат предавањата и вежбите. Предавалните каде што се одржуваат предавањата и вежбите имаат помала површина, како што е предавалната бр. 348, со површина од 62,81 м2 и бр. 350, којашто е со површина од 62,87 м2. Педагошкиот факултет располага со вкупно 9 кабинети, со вкупна површина од 207,79м 2. Ходниците имаат вкупна површина од 287,68 м2. На Педагошкиот факултет му се потребни лаборатории каде што би се реализирал и практичниот дел од соодветните предмети и би се развиле вештините и знаењата на студентите од одредени предмети и современи алатки за следење на постигнувањата во процесот на наставата и учењето, нови простории, предавални, лаборатории, компјутерска опрема, амфитеатри, релевантни за програмата/програмите што се оценуваат. Преземени се и други мерки и активности за обезбедување оптимални услови и за создавање соодветна средина за остварување на наставно-научната дејност, како и за исполнување на стандардите за квалитет.

Табела 22. Предавални и кабинети во рамки на Педагошкиот факултет:

| Бр. | **Сала** | **Површина** |
|---|---|---|
| **1** | 21 | 107,42 |
| **2** | 340 | 82,31 |
| **3** | 341 | 171,57 |
| **4** | 348 | 62,81 |
| **5** | 350 | 62,87 |
| | **Вкупно m2** | 486,98 |
| | **Кабинети** | |
| **6** | 332 | 59,43 |
| **7** | 333 | 20,58 |
| **8** | 334 | 18,08 |
| **9** | 335 | 15,60 |
| **10** | 336 | 17,16 |
| **11** | 337 | 20,28 |
| **12** | 338 | 18,62 |
| **13** | 339 | 19,14 |
| **14** | 344 | 18,90 |
| | | 207,79 |
| | **Ходник** | |
| **15** | 353 | 72,23 |
| **16** | 353 | 32,12 |
| **17** | 353 | 58,11 |
| | **Вкупно** | **287,68** |

Предавалните се опремени со клупи и доволно столови за сите студенти. Сите предавални на Педагошкиот факултет се опремени со проектори, донирани од Тика. Но, со оглед на бројот на студентите запишани на Факултетот, бројот на студиските програми и бројот на кадарот, проценуваме дека просторот што му стои на располагање на Педагошкиот факултет е недоволен за развојот и напредокот на наставниот процес според стандардите и развојот на истражувачкиот дел од страна на наставниците. Предавалните не располагаат со компјутери, така што наставниците ги користат своите лични преносни компјутери кога предаваат преку проектори. Во предавалните немаат сите наставници пристап до компјутери.

# 10. SWOT-АНАЛИЗА

## *Силните страни на Педагошкиот факултет се:*

1. Општествен развој преку развивањето на образовниот систем. Педагошкиот факултет е дел од овој синџир, бидејќи создава кадар што ги образува идните генерации, односно тој продуцира кадри за основното образование, т.е. наставници во основните училишта, воспитувачи за предучилишната возраст, педагози во училиштата и сл. Исто така, за да се постигне инклузијата во образованието, Педагошкиот факултет создава кадар за работа и со студенти со посебни потреби.
2. Друга силна страна на Педагошкиот факултет е разновидноста на студиските програми кои се акредитирани, како што се: Одделенска настава, Професионална педагодија, Предучилишна насока и Специјална едукација и рехабилитација.
3. Локацијата на Педагошкиот факултет овозможува вклучување или запишување покрај студенти од нашата земја, и студенти од регионот, како што се: Република Косово, Република Албанија и Прешевската долина.
4. Педагошкиот факултет континуирано го надополнува и усовршува наставниот кадар, кој, со посветена работа, придонесува за напредок на наставниот процес, збогатување на литературата, напредување во професионалната област, со публикации во списанија и учество на разни конференции, како и следење на националните и меѓународните случувања во областа на образованието.
5. Педагошкиот факултет, преку соработката и реализацијата на наставните практики во институциите, како што се: деветгодишните општински училишта, установите за предучилишно воспитување, институциите за специјална едукација и слични институции, докажува дека расположливиот кадар ги има потребните стручни подготовки да ја примени теоријата во пракса, што значи дека по завршувањето на студиите, профилираните кадри се подготвени успешно да се сносат со предизвиците го им им ги наложува нивната професија.
6. Во рамките на Педагошкиот факултет, покрај редовните студии, се реализираат и вонредните студии. Исто така, на Педагошкиот факултет се спроведуваат студии

од втор и од трет циклус. Педагошкиот факултет реализира и преквалификација во областа на образованието, за различни профили.

### *Слабите страни на Педагошкиот факултет*

1. Недостатокот на доволен простор е слаба страна на Педагошкиот факултет. Ова се одразува во недостатокот на лабораториска настава по одредени предмети, а и недостатокот на кабинети за наставниот кадар влијае врз нивната тековна работа.
2. Недостатокот на опремата за настава, недостатокот на дигитални алатки претставува друга слаба страна што може да му се припише на Педагошкиот факултет.
3. Посветеноста за надминување на овие слабости ќе создаде средина за подобра настава и истражување, која ќе биде привлечна за студентите од сите циклуси.

### *Можности:*

1. Педагошкиот факултет располага со неопходните ресурси да прерасне во регионален Педагошки факултет, којшто ќе нуди квалитетен наставен кадар на албански јазик, како и соодветни услови и можности за студирање.
2. Педагошкиот факултет, при соработката со некои од институциите спомнати погоре, им овозможува на студентите да се запознаат одблиску со овие институции и обратно, што создава услови за нивно вработување во иднина.
3. Педагошкиот факултет, преку различните активности кои се огранизираат во негови рамки (конференции, состаноци, посети, публикации и сл), овозможува соодветен професионален развој и усовршување, соработка со други факултети од земјата и од странство, како и соработка со институции кои имаат заеднички стремежи во нивната мисија.

***Закани:***

1. Намалувањето на бројот на ученици во основните и во средните училишта претставува закана за намалувањето на бројот на запишани студенти на Педагошкиот факултет.
2. Намалувањето на бројот на ученици во основните училишта води до намалување на работните места како наставници, што може да претставува закана, бидејќи како насока може да биде непривлечна за идните студенти.
3. Исто така, заканувачки фактор за намалениот број студенти на Педагошкиот факултет претставува и ,играцијата на младите во западните земји кои бараат подобри услови за живот.
4. Отворањето на нови факултети од истата насока претставува закана за опаѓање на бројот на студенти, со оглед на фактот дека студентот го бира факултетот што е најблиску до неговото место на живеење.
5. Друг заканувачки фактор може да бидат инфраструктурните услови што ги нуди Педагошкиот факултет, во споредба со другите факултети.

# 11. ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

Од обработените податоци собрани во текот на самоевалуацијата, може да се заклучи дека Педагошкиот факултет располага со квалификуван наставно-научен кадар, чиј број се зголемува врз основа на потребите и зголемениот број студенти.

Педагошкиот факултет, исто така, располага со доволен простор, опремен со техничка опрема за развој на наставниот процес, но, сепак, се забележува потребата да се следи развојот на новата технологија и на новите наставни методи, особено на оние поврзани со учењето на далечина, како и настојувањето за зголемување на просторните капацитети, во согласност со зголемениот број на студенти.

Врз основа на добиените резултати од процесот на евалуација, преку SWOT-анализата, како збир на силните и на слабите страни, можностите и заканите во рамките на мисијата и целите на Факултетот, како и врз основа на податоците собрани од годишните извештаи за работа, може да се заклучи дека научно-истражувачката активност, главно, е поврзана со содржината на програмите и дека голем дел од публикациите ја надополнуваат литературата за одредени предмети. Во делот на научно-истражувачката дејност, покрај постојаните соработки, во иднина фокусот треба да се стави и кон создавање нови партнерства и поактивно учество во креирањето на образовни политики во земјата и во регионот.

Педагошкиот факултет досега успешно ја реализираше својата самопромоција во рамките на општата промоција на Универзитетот во Тетово. Овој процес, како што е спомнато и погоре, беше спроведен преку Комисијата, составена од неколку членови, која реализираше организирани посети во средните училишта на Република Северна Македонија. За време на овие посети се претставуваше Факултетот, студиските програми со нивните карактеристики и другите услови што ги нудат студиските програми во рамките на наставно-научниот процес. Покрај посетите на училиштата, промоцијата на Педагошкиот факултет се реализира и во рамките на Отворените денови, што се одржуваат во Универзитетот, а кои нудат разни промотивни материјали, на идните студенти им се овозможува да се запознаат со расположливите простории на Педагошкиот факултет. Исто така, потенцијалните студенти имаат можност да се сретнат со актуелните студенти и да споделат лични искуства, како и да се запознаат со некои од нивните стекнати вештини.

Како заклучок, може да се наведе дека Педагошкиот факултет од година во година бележи континуиран напредок во сите аспекти на академскиот живот, преку учествување на научни настани во земјата и во регионот. Преку неговите претставници, исто така, има активно учество во креирањето на нови образовни политики во земјата. Успешно се претставува со научни трудови и истражувања во списанија, конференции и на други научни настани во земјата и во регионот.

Педагошкиот факултет во рамките на Универзитетот во Тетово е еден од факултетите што бележи континуирано зголемување на бројот на локални и странски студенти, а со тоа и зголемување на наставно-научниот кадар. За во иднина останува стремежот на Педагошкиот факултет да го зачува и да го зголеми квалитетот и понатамошно негување на образовните, моралните и научните вредности.

## *Комисија за внатрешна евалуација на Педагошкиот факултет*

Беса Догани - претседател

Јехона Рушиди-Реџепи - член

Теута Илјази - член

Теута Рамадани-Расими - член

Агим Салмани - член

Дрита Адеми - член (студент)

Арита Јонузи - член (студент)